Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-147/1
30-01-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-794/1 од 8.11.2023 година поднесена од адвокат полномошник [redacted] од Штип, со седиште на [redacted], а во име на група вработени во Министерство за одбрана на Република Северна Македонија, против Министерството за одбрана, за извршена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 24.1.2024 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи сторена од страна на Министерството за одбрана врз група вработени во министерството.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (“**Комисијата**”) од страна на адвокат [redacted] од Штип, поднесена е претставка бр. 08-794/1 од 8.11.2023 година против Министерство за одбрана за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи.

Претставката е поднесена во име на група вработени во министерството и тоа:

1. [redacted] од Битола- хигиеничарка во подрачно одделение за одбрана за регион Битола;
2. [redacted] од Битола- курир/доставувач на одделение за одбрана за регион Битола;
3. [redacted] од с. [redacted], Демир Хисар- хигиеничар во одделение за одбрана за регион Битола во град Демир Хисар;
4. [redacted] од [redacted], Демир Хисар- курир/доставувач во одделение за одбрана за регион Битола во град Демир Хисар;
5. [redacted] од Битола- советник за популаризација на воен позив во одделение за одбрана за регион Битола во град Битола за сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана;
6. [redacted] од Битола- самостоен референт за административно технички работи за одделение за одбрана за регион Битола во град Битола во сектор за цивилно-воена соработка со регионални центри за одбрана;
7. [redacted] од Битола- самостоен референт за воена евиденција и пополнување со резервен состав на одделение за одбрана за регион Битола во град Битола во сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана;
8. [redacted] од Битола- советник за мобилизација, воена евиденција и пополна со резервен состав на одделение за одбрана за регион Битола во град Битола во сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана;
9. [redacted] од Битола- советник за регрутни работи на одделение за одбрана за регион Битола во град Битола за градовите Битола, Демир Хисар и Ресен во сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана;

10. [redacted] од Битола- курир/доставувач на подрачно одделение за одбрана за регион Битола во град Битола во сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана;
11. [redacted] од Битола- советник за подготовки во одбраната на одделението за одбрана за регион Битола во град Битола во сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана;
12. [redacted]- курир/доставувач на одделение за одбрана за регион Велес во град Свети Николе во сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана;
13. [redacted] од Велес;
14. [redacted]
15. [redacted] од Неготино- курир/доставувач на одделение за одбрана за регион Велес во град Неготино во сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана;
16. [redacted] од Неготино;
17. [redacted] од Неготино- виш соработник за воена евиденција и пополнување со резервен состав, стручно технички работи и материјално финансиско работење на одделение за одбрана за регион Велес со градовите Велес, Кавадарци, Неготино и Свети Николе во сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана;
18. [redacted] од Кавадарци, курир/доставувач на одделение за одбрана за регион Велес во град Кавадарци во сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана;
19. [redacted] од Кавадарци- помлад соработник за популаризација на воен позив во одделение на подрачно одделение за регион Велес со градовите Велес, Кавадарци, Неготино и Свети Николе во сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана;
20. [redacted] од Кавадарци- хигиеничар на подрачно одделение за одбрана за регион Велес во град Кавадарци, Неготино и Свети Николе во сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана;
21. [redacted]- курир/доставувач на одделение за одбрана за регион Велес во град Свети Николе во сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана;
22. [redacted] од Велес- курир/доставувач на одделение за одбрана за регион Велес во град Велес во сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана;
23. [redacted] од Велес- курир/доставувач на одделение за одбрана за регион Велес во град Велес во сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана;
24. [redacted] од Велес- советник за мобилизација и популаризација на воен позив на подрачно одделение за одбрана за регион Велес во град Велес, во одделение за одбрана за регион Велес со градовите Велес, Кавадарци, Неготино и Свети Николе во сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана;
25. [redacted] хигиеничар во одделение за одбрана за регион Велес во град Свети Николе, во одделение за одбрана за регион Велес со градовите Велес, Кавадарци, Неготино и Свети Николе во сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана;
26. [redacted]- раководител на одделение за одбрана за регион Велес со градовите Велес, Кавадарци, Неготино и Свети Николе во сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана.

Подносителите се вработени во Министерството за одбрана, на работните места дадени во воведот.
Согласно наводите од претставката, сите вработени во министерството статусно се утврдени на два дела:

- вработени кои својот статус го имаат регулирано согласно Законот за служба во Армијата (воен и цивилен персонал) и
- вработени на кои статусот им е утврден согласно Законот за вработени во јавниот сектор- помошно технички лица (хигиеничари, курири доставувачи, самостојни референти, советници итн.)

Согласно член 40 од Законот за служба во Армијата, воените старешини и цивилниот персонал склучуваат договор за вработување, кој согласно став 5 од истиот член го потпишува министерот за одбрана или од него овластено лице.

Согласно член 3 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, за вработените во јавниот сектор се применуваат одредбите од овој закон, одредбите од посебните закони, прописите донесени врз основа на овој закон и посебните закони и колективните договори.

Во став 2 е нормирано: „За прашањата кои не се уредени со овој закон, како и за прашања за кои овој закон не упатува на примена на посебен закон и на колективен договор, а се однесуваат на работниот однос на вработениот, се применуваат општите прописи за работните односи.“

Во став 3 е нормирано: „По исклучок од ставот (1) на овој член за помошно-техничкиот персонал се применува членот 5, како и одредбите од главите II, IV, IV-а и VII од овој закон, а за другите прашања во врска со работниот однос се применуваат општите прописи за работните односи и колективните договори.“

Во член 21 став 1 од е нормирано дека вработените во јавниот сектор го засноваат работниот однос со склучување на договор за вработување.

Во член 22 став 1 е нормирано дека раководното лице на институцијата во јавниот сектор може да пополни работно место преку склучување на договор за вработување.

Во оваа насока, се наведува дека ако се гледа низ призмата на работодавачот, подносителите на претставката и воениот и цивилен персонал во служба на Армијата имаат ист работодавач- Министерството за одбрана. Подносителите укажуваат на практика која се случува во министерството која создава дискриминација врз вработените кои својот статус го имаат засновано преку Законот за вработени во јавниот сектор (помошно технички персонал), споредено со оние вработени чиј статус е заснован преку Законот за служба во Армијата (воен и цивилен персонал).

Имено, наведуваат дека се работи за следната состојба:

Вработените во министерството како воен и цивилен персонал во служба на Армијата, сметајќи од почетокот на 2022 година па до ден денес, секој месец примаат т.н. трошок за станарина во висина на трошокот за одвоен живот во Република Северна Македонија, кој износ во моментов е 10.885 денари (пресметано како 30% од просечната плата земена за месец јули 2023 година). Овој износ министерството го исплаќа на сите вработени кои имаат статус на воен и цивилен персонал во служба на Армијата, без исклучок, додека истиот не им се исплаќа на вработени кои имаат статус на помошно технички персонал. Притоа, наведуваат дека е неспорно дека тие својот статус го регулираат согласно Законот за вработени во јавниот сектор и дека на нивните права и обврски не се применува Законот за служба во Армијата, но потенцираат дека прашањето по кое тие се разликуваат не е прашање од статусен карактер. Наведуваат дека се работи за т.н. трошок поврзан со работата, чиј износ е позначителен на месечно ниво, со што се прави дискриминација по основ на статус на вработените.

Со оглед на значителниот износ на овој трошок за станарина на име одвоен живот, велат дека постои очигледна диспропорција во вкупните примања кои ги земаат подносителите на претставката и воениот и цивилен персонал. Во овој контекст наведуваат дека се ставени во понеповолна материјална положба споредено со нивните колеги на кои им се исплаќа овој трошок и дека вработените кај ист работодавач може да се разликуваат во своите примања во однос на нивниот статус (основна плата, додатоци, кариера итн.), но недозволиво е да се разликуваат по основ на примања кои припаѓаат во категоријата трошок поврзан со работата. Притоа, напоменуваат дека практиката која продуцира нееднаквост не произлегува од разлики во основната плата и не претставува додаток врзан за статусот на вработените, туку се работи за дискриминаторска практика која нема свој основ во некој правен пропис.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 9.11.2023 година испрати Известување бр. 08-794/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за одбрана.

На ден 22.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од Министерството за одбрана, заведено под бр. 08-794/3.

Во одговорот се наведува дека во Министерството за одбрана како орган на државната управа од областа на одбраната и безбедноста постојат повеќе категории на вработени лица и тоа:
- Административни службеници
- Помошно технички лица и
- Активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата.

Вработените се распоредени согласно Правилникот за работни места во Министерството за одбрана и Акт за формација на Армијата.

Во поглед на правата и обврските од работен однос, се наведува дека за секоја категорија на вработени постои посебна законска регулатива. За активен воен и цивилен персонал важат одредбите од Законот за служба во Армијата, за административни службеници се применуваат одредбите од Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавниот сектор, додека за помошно технички персонал се применуваат одредбите од Законот за работни односи. Притоа, Колективниот договор на Министерството за одбрана се однесува на сите вработени.

Во врска со примената на Законот за вработени во јавниот сектор, укажуваат дека во член 3 став 3 точно е наведен исклучокот на која категорија вработени ќе се применуваат само одредбите од глава III и IV на овој закон, а кои упатуваат само на класификација на работни места, групи и подгрупи, како и евиденција на вработените во јавниот сектор по однос на регистарот.

Истакнуваат дека правото на надоместок на трошоци за станбено обезбедување е утврдено со член 192 став 1 од Законот за служба во Армијата и во истиот е предвидено дека на активен воен и цивилен персонал му се исплатува надоместок на трошоци за станбено обезбедување. Притоа напоменуваат дека Законот за служба во Армијата се однесува само на вработениот воен и цивилен персонал во Армијата како lex specialis. Во Законот за административни службеници и Правилникот за плати на вработени кои немаат статус на административни службеници, не е предвидено да се исплатува надоместок на трошоци за станбено обезбедување.

Дополнително известуваат дека во постапка е изработка на нов колективен договор во Министерството за одбрана и нов закон за вработените во Министерството за одбрана кој е во собраниска процедура, согласно кои ќе дојде до усогласување на сите права за вработените во Министерството.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Од оваа причина, информираат дека од страна на министерството се испочитувани правата на пдоносителите на претставката согласно законските одредби кои се однесуваат на нив, а во поглед на работните места на кои се поставени.

По увид во наводите од претставката и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

Во Министерството за одбрана постојат повеќе категории на вработени лица, распоредени согласно Правилникот за работни места во Министерството за одбрана и Акт за формација на Армијата, на чии права и обврски од работен однос се применуваат различни закони, и тоа:

- На административните службеници се применуваат одредбите од Закон за административни службеници и Закон за вработени во јавниот сектор;
- На помошно техничкиот персонал се применува Законот за работни односи и
- На активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата се применува Законот за служба во Армијата.

Притоа, во член 3 став 3 од Закон за вработените во јавниот сектор е наведено дека „по исклучок од ставот (1) на овој член, за воениот и цивилниот персонал во служба на Армијата на Република Северна Македонија, за овластените службени лица во Министерството за одбрана[..], ќе се применуваат само одредбите од главите III и IV од овој закон."
Глава III се однесува на класификација на работните места во јавниот сектор, додека пак Глава IV на евиденцијата на вработените во јавниот сектор, што значи дека Законот за вработените во јавниот сектор се применува на воениот и цивилен персонал во служба на Армијата само во тој поглед, додека за сè останато врз нив е применлив Законот за служба во Армијата.

Правото на надоместок на трошоци за станбено обезбедување, чија исплата подносителите тврдат дека произведува дискриминација меѓу вработените во Министерството за одбрана, е регулирано со член 192 став 1 од Законот за служба во Армијата и истото им следува на активен воен и цивилен персонал во Армијата.
Оттука, неспорно е дека надоместокот на трошоци за станбено обезбедување е предвиден само за одредена категорија на вработени во Министерството за одбрана чии статус, права, обврски, должности и одговорности се регулирани со Законот за служба во Армијата, а не и за останатите вработени во министерството.

Согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:
„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."

Во оваа насока, **член 8 став 1** од Законот ја дефинира директната дискриминација:
„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."

Во контекст на цитираните одредби, Комисијата утврди дека не станува збор за можни споредливи ситуации, односно за исти или слични околности врз чија основа би се ценело потенцијалното дискриминаторско постапување.
Имено, иако се работи за вработени во рамки на истото министерство, тие својот работен однос го имаат засновано врз различни закони што значи дека нивниот статус, нивните права, обврски, должности и одговорности, се регулирани со посебни закони.
Оттука, не може да стане збор за дискриминаторско постапување од страна на министерството како работодавач, бидејќи позитивните законски прописи пропишуваат дека надоместокот на трошоци за станбено обезбедување следува само на воениот и цивилен персонал, а не и на административните службеници и помошно техничкиот персонал. Ова од причина што законите кои ги регулираат нивните права и обврски од работен однос не го предвидуваат истото.

Во оваа насока, ценејќи ја фактичката состојба, Комисијата утврди постоење на легитимна цел за регулирањето на работниот однос на воениот и цивилен персонал во посебен закон, имајќи предвид дека станува збор за служба во Армијата (иако истите имаат засновано работен однос со Министерството за одбрана), за разлика од останатите вработени кои своите работни задачи ги извршуваат во Министерството за одбрана, а чии работни места, согласно потребите, се предвидени и во други систематизации на министерства и државни институции (референт, советник итн.).

Со други зборови, иако станува збор за вработени кај ист работодавач, во овој случај Министерството за одбрана, правилата кои ги регулираат нивните права, обврски, должности и одговорности од работниот однос се различни и оттука, не може да се споредуваат на иста основа.

Дотолку повеќе, доколку надоместокот биде предвиден за вработените во Министерството за одбрана кои засновале работен однос согласно Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, би се јавил нееднаков третман во однос на истите вработени во други министерства и останати институции во државата.

Оттука, земајќи ја предвид законската дефиниција на дискриминација, Комисијата не пронајде факти и околности кои укажуваат на тоа дека врз групата вработени во министерството-подносители на претставката, било постапувано различно, односно понеповолно во споредлива или слична ситуација во однос на воениот и цивилен персонал во Министерството за одбрана.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација сторена од страна на Министерството за одбрана.

Скопје
30.1.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Министерство за одбрана, ул. Орце Николов бр. 116, 1000 Скопје